Бр. 07-184/4-1
17.02.2011
Б и т о л а

Република Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола
Факултет за туризам и угостителство-Охрид
Примено 25-02-2011
Организ. единица 03 | Број 83/1 | Прилог | Вредност

Врз основа на член 52 став 1 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 89-та седница одржана на ден 17.02.2011 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Рефератот на рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр. 344 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, за избор на наставник од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609 на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид и во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Лидија Симонческа.***
2. Со овој избор во редовен професор *д-р Лидија Симонческа* заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.
3. Правата и обврските од работниот однос *д-р Лидија Симонческа* ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.
4. Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за туризам и угостителство-Охрид распиша Конкурс за избор на наставник од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609, кој го објави во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 24.11.2010 година.

На Конкурсот се пријави само кандидатот професор д-р Лидија Симонческа.

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, на својата седница одржана на ден 23.12.2010 година, со Одлука бр. 11-674/7, формира Рецензиона комисија за избор на наставник од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609, во состав: проф.д-р Виолета Пановска Бошкоска, проф. д-р Димо Димков и проф. д-р Деса Косаркоска.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609, кој беше објавен во Билтенот Бр. 344 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да ја избере проф. д-р Лидија Симонческа за наставник од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609, во звањето редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 89-та седница одржана на ден 17.02.2011 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и ја избра проф. д-р Лидија Симонческа во звањето редовен професор од областа Наука за организација 50600 и Меѓународен менаџмент 50609 на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 од Законот за високото образование, проф. д-р Лидија Симонческа со овој избор во редовен професор заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

Универзитет „Св. Климент Охридски“ Република Македонија Битола

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**
**Ректор**

Доставено до:
- Архивата на Универзитетот
- Секретарот на Факултетот
- Професорот